## Детски културен центар – Карпош, Скопје

Изработка на идејно - обликовни и архитектонско-урбанистички предлог решенија за „Улични библиотеки“ и нивна реализација, со особен акцент на поствување на фреквентните зони во централното градско подрачје во Скопје.

# К О Н К У Р С

## за избор на идејни решенија и реализација на „Улични библиотеки“ на територија на Град  Скопје

Подетален предмет на конкурсот за избор на идејно решение:

**Избор на 3 (три) идејно-обликовни  и архитектонсkо–урбанистички решенија и нивна реализација за „Улични библиотеки, со особен акцент на поставување на фреквентни зони во централното градско подрачје во Скопје**

**Скопје Јануари 2019**

**ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје**

**распишува**

# К О Н К У Р С

## За

## Избор на 3 (три) идејно-обликовни и архитектонсkо–урбанистички решенија и нивна реализација за „Улични библиотеки, со особен акцент на поставување на фреквентни зони во централното градско подрачје во Скопје

## ДОГОВОРЕН ОРГАН

Договорен орган е ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје, со седиште на Булевар „Илинден“ бр.53,1000 Скопје,телефон за контакт (02) 3228 111, e-mail: direktordkckarpos@yahoo.com и dkckrposfinansii@gmail.com, лице за контакт: Елена Горановска.

## КОНКУРСНИ УСЛОВИ

- Конкурсот е јавен и анонимен. Право на учество имаат сите физички и правни лица.

- Секој учесник или група на учесници може да учествува со по 1 (еден) конкурсен труд на наведената тема, кој треба да вклучува 3 (три) варијанти (идејни решенија) на „Улични библиотеки“.

- Предметот на конкурсот не е делив на делови.

- Секој учесник на конкурсот е должен да достави по 1 (еден) конкурсен труд за 3 (три) „Улични библиотеки“ од наведената тема, согласно конкурсните барања, во спротивно трудовите нема да бидат прифатени од Жири комисијата.

- Рок на предавњето на конкурсните трудови е 35 календарски денови од објвување на конкурсот до 12.00 часот. Конкурсните трудови се предаваат во Архивата на ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје.

- Конкурсните материјали и целата кореcподенција поврзани со конкурсот се пишуваат на македонски јазик.

- Оценувањето на трудовите ќе го врши Жири комисија.

- Конкурсот е дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка за услуга, односно со авторот на идејните решенија ќе се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги за изработка, монтажа и одржување на истите.

- Трудовите со масимален формат , 50 x 70 см, се предаваат во затворена обвивка на адреса: ЈУ.Детски културен центар - Карпош, бул „Илинден“ бр.53со назнака „Конкурс за идејно решние бр .01/2019.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ**

**Работа на конкурсната жири комисија**

- Жири комисијата ќе изврши оценување на конкурсните трудови.
- Жири комисијата ќе поднесе извештај за својата работа до Договорниот орган и учесниците на конкурсот, потпишан од сите нејзини членови, во кој е претставено рангирањето на трудовите.
- Резултатите од рангирањето ќе бидат објавени на истиот начин како е објавен овој конкурс.
- Авторот на наградениот труд, како и останатите учесници ќе бидат писмено известени за резултатите од работата на Жири комисијата.
- Членовите на Жири комисијатата немаат право на учество на конкурсот.

## КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПОНАТМОШНАТА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГА

По завршување на конкурсот за избор на идејно решение за просторните инсталации и по доделувањето на наградата предвидена за најдоброто идејно решение за 3 (три) „Улични библиотеки“, ЈУ. Детски културен центар - Карпош како договорен орган ќе спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за услуга со цел идејните решенија за „Уличните библиотеки“ да се изработат, постават и одржуваат на фреквентните зони во централното градско подрачје во Скопје.

**За учество во понатамошната постапка,** учесникот на конкурсот мора да ги исполнуваат следните критериуми за утврдување на нивната способност:

**Лична состојба**

Договорниот орган ќе го исклучи од понатамошната постапката секој економски оператор:

- на кој во последните 5 години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- кој има неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- кому му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- кој дава лажни податоци или не го доставува податоците што ги барал договорниот орган.

<u>За докажување на својата лична состојба, економскиот оператор ги доставува следниве документи:</u>

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Изјавата од алинеја 1 ја изготвува и потпишува самиот економски оператор и истата не мора да биде заверена од надлежен орган.

Потврдите дека не е отворена постапка за стечај и постапка за ликвидација, како и потврдите од регистарот на казни за сторени кривични дела од алинеја 5 и 6, ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран економскиот оператор. Во Република Македонија надлежен орган за издавање на овие потврди е Централниот регистар на Република Македонија.

Потврдата за платени даноци, придонеси и други давачки ја издава надлежен орган од земјата каде е регистриран економскиот оператор. Во Република Македонија надлежен орган за издавање на оваа потврда е Управата за јавни приходи.

Потврдата од алинеја 7 ја издава надлежниот орган во државата каде е регистриран економскиот оператор. Во Република Македонија надлежен орган за издавање на оваа потврда е Централниот регистар на Република Македонија.

Документите не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад.

Ако земјата во која е регистриран економскиот операотот не ги издава документите или ако тие не ги опфаќаат сите погоренаведени случаи, економскиот оператор може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

**Способност за вршење на професионална дејност**

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави:

Документ за регистрирана дејност (ДРД образец) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка;

Во втората фаза на постапката за избор на најповолен понудувач за јавна набавка за услуги за изработка, поставување и одржување на 3 (три) идејно -

обликовни решенија, договорниот орган ќе предвиди и други минимални услови за способност.

## НАГРАДИ И ОТКУПИ

Предвидено е доделување на една главна награда во бруто износ од **120.000,00 денари.**

Со исплатата на наградите за конкурсниот труд распишувачот на конкурсот се стекнува со право на сопственост на употреба на наградениот труд во целост.

## КОНКУРСНИ КРИТЕРИУМИ

- Почитување на Проектната програма;
- Еколошки пристап;
- Иновативност, впечатливост и оригиналност на архитектонскиот израз;
- Уникатност на предложениот дизајн;
- Долговечност, односно отпорност на надворешните временски влијанија на предложените материјали за изработка;
- Можност за модификација/надградба на одредени делови согласно потребите за нивното одржување и третманот на употребените материјали;
- Изводливост и ниска цена на чинење на изведбата;
- Лесна пристапност;
- Соодветен квалитет во релациите со непосредниот контекст
- Почитување на урбаните вредности на непосредниот урбан амбиент

## ПРЕДМЕТ НА РАБОТА

Изработка на идејно - обликовни и архитектонско-урбанистички предлог решенија за „Улични библиотеки“ и нивна реализација, , со особен акцент на поставување на фреквентните зони во централното градско подрачје во Скопје.

## ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА КОНКУРСОТ

Цел и задача на конкурсот е да се презентира иницијативата на ЈУ. Детски културен центар – Карпош, која во континуитет наназад преку свои активности (студии, анализи, проекти), работи на идејата за подигање на свеста кај младите за читање, како и за позајмување и донирање книги. „Уличните библиотеки“ треба да преставуваат еден вид креативни урбани модули соодветно изработени и поставени на повеќе атрактивни и фреквентни локации на територијата на Град Скопје, со особен акцент на зони во централното градско подрачје. Покрај фактот

што истите би претставувале урбани репери, нивната функција ќе произлезе од намерата за популаризација на книгата и нејзините неприкосновени вредности.

## ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

### Предмет на работа на конкурсот

„Уличните библиотеки“ треба да претставуваат еден вид урбани репери поставени во простор со висока фреквентност. Дизајнот треба да преставува спој на естетско - функционален израз, во кој ќе бидат содржани перформанси на архитектонско решение низ едноставен, јасен и современ израз, кој ќе биде интересен за што е можно поширок круг корисници од разни возрасти и социјални групи. Целта на поставувањето на овие „Улични библиотеки“, е преку „маркирањето“ на јавниот простор и збогатување на културните содржини на градот, истите да влијаат и врз подигањето на свеста и врз развивањето на културни навики и урбаното однесување. Овие урбани модули, како репери во јавниот простор, треба да се одликуваат со високи естетски вредности и оригиналност на предложениот дизајн, како и да влијаат, врз подобрување на културните навики на граѓаните, што од друга страна подразбира зголемување на еколошката свест и култура, однос кон јавните добра и јавните површини, култура на однесување во јавен простор, почитување на културните - различитости и различните социјални, естетски и културни потреби на сограѓаните. Предложените решенија за „Уличните библиотеки“ треба да бидат проектирани и осмилени така што ќе поседуваат дидиактичка компонента, а треба да влијаат позитивно врз формирањето на естетските и етичките судови особено кај децата и младите.

### Барања кои се однесуваат на дизајнот

- „Уличните библиотеки“ може да претставуваат склопови од фиксни и/или динамички делови, кои можат да бидат дури и расклопливи како би овозможиле создавање на различни изгледи, како и потенцијално висок степен на интеракција со корисниците.
- Се инсистира на еколошкиот аспект при дизајнирањето на овие модули, пред се заради непроценливата важност на едукативниот карактер кој ќе ја пренесува пораката за здрава и чиста околина;
- Императив треба да претставува едноставноста и асоцијативниот приод во изнаоѓањето технички решенија, при што не се препорачува употреба на комплексни механизми, ниту употреба на електрични или други инсталации (со исклучок на осветлување);

- „Уличните библиотеки“ треба да бидат безбедни во случај на ракување со нив, а нивната употреба не смее да предизвикува загадување од било каков тип;
- Квалитет на релациите со непосредниот контекст и целосно почитување на урбаните вредности;
- Уникатност на предложениот дизајн и долговечност на предложените материјали за изработка на просторните инсталации;
- Високо ниво на иновативност, впечатливист и оригиналност на ликовниот израз;
- Лесна пристапност;

**Конструктивни барања**

Во предложеното решение авторот треба да достави апроксимативна пресметка на чинење на изведбата на предложените 3 (три) решенија.

**ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

Конкурсниот труд треба да содржи:

- Основи, пресеци, изгледи, во размер 1:50.1:2;
- Просторни претстави од тродимензионален дигитален и аналоген модел;
- На просторните модели за „Улични библиотеки“ детално да се прикажат предложените материјали за изработка на објектите за секое идејно – обликовно решение (вкупно три)

**Текстуален дел преставен на А4 формат во 2 примероци (најмногу 2000 карактери), кој треба да содржи.**

- Детален опис на концепт на предложениот дизајн, образложение на идејата на авторот, опис на применетите материјали, начин на изведба и естески карактеристики за секое идејно – обликовно решение посебно (вкупно три)

**КОНКУРСНИ УСЛОВИ**
**Опрема на конкурсните трудови**

Конкурсните трудови содржат графички и текстуален дел.
Графичкиот дел од трудот треба да биде презентиран во формат
70 х 50 см.
Текстуалниот дел кој преставува техничко образложение на трудот се доставувува на А4 формат во 2 примерока спакувани во папка.

Во прилог на трудот се доставува и дигитален запис од сите прилози во dwg, pdf и jpg формат на ЦД.

Сите прилози (текстуалниот и графичкиот дел) на конкурсниот труд треба да бидат спакувани во **заедничка обвивка** на која ќе пишува:

**„Конкурс за избор на 3 (три) идејно-обликовни и архитектонско–урбанистички решенија и нивна реализација за „Улични библиотеки, со особен акцент на поставување на фреквентни зони во централното градско подрачје во Скопје**

**Бр.01/2019“**

и да се достави лично или по пошта до архивата на ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје.

Краен рок за доствување на трудовите е 35 календарски денови од денот на објавување до 12 часот.

**Во заедничката обвивка на конкурсниот труд се приложува**

**Список на содржина на трудот** (каде се наведуваат под реден број графичките прилози кои се содржани во трудот) и два запечатени пликови од кои едниот е со ознака **„автор“,** а другиот со ознака „**адреса за враќање на трудот“.**

Во пликот со ознака **„автор“** е името и адресата на авторот (авторите)
Во пликот со ознака „**адреса за враќање на трудот“** се наведува адресата за враќање на ненаградениот труд и согласност за јавно објавување на името на авторот на трудот.

**Рокови за изработка на конкурсното решение**

- Конкурсните трудови се доставуваат лично или испраќаат по пошта. Крајниот рок за пристигнување на понудите во **Архивата на ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје** е 35 календарски денови од денот на објавување до 12 часот.

- Учесниците на конкурсот имаат право да поставуваат прашања тесно поврзани со програмските барања на конкурсот најкасно 3 (три) дена пред истекот на предвидениот рок .

- Секое прашање, информација, известување и други документи во постапката за спроведување на конкурсот за избор на идејни решенија се испраќаат во писмена форма, по пошта или со електорнски средства

на e-mail адресата: dkckrposfinansii@gmail.com и direktordkckarpos@yahoo.com

- Конкурсната комисија ќе ја заврши работата ќе ги објави резултатите од конкурсот најдоцна во рок од петнаесет (15) дена од денот на предавањето на трудовите.

**Завршни одредби**

- Со предавањето на конкурсниот труд (идејните решенија) секој учесник ги прифаќа пропозициите на конкурсот;

- Секој учесник поединец или група, може да учествува со по едно идејно решение за секоја од дадените тематски групи, предмет на овој конкурс;

- Распишувачот на конкурсот со доделувањата обештувањата ги откупува авторските права;

- Оценувачката комисја нема да ги рзгледува оние конкурсни трудови кои што ќе пристигнат по предвидениот рок или не се изработени според програмата, подлогите и расписот на конкурсот;

- Членовите на Жири комисијатата немаат право на учество на конкурсот.